До
Претседател на
Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25) член 6 став 2 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 и 3/25) и член 147 став 2 од Деловникот на Општина Велес („Службен гласник на Општина“ бр.02/26), се поднесува оваа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 08-06-2026
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 - | 2676/1 | | |

## ИНИЦИЈАТИВА

**за поведување постапка за промена на статусот на Локалната установа „Народен музеј“ Велес од јавна локална установа во национална установа**

Локалната установа „Народен музеј“ Велес претставува една од најзначајните културни институции во државата, која во текот на своето долгогодишно работење има создадено богати музејски, археолошки, историски, етнолошки и уметнички збирки од исклучително значење за националното културно наследство.

Музејот врши дејности кои по својот обем, содржина и значење ги надминуваат локалните рамки и имаат национална вредност.Во своите простории чува предмети кои сведочат за културниот и историскиот развој и подем на Балканската регија пошироко од праисторијата па се до 21-тиот век.

Во неговите фондови се чуваат движни културни добра и музејски предмети кои претставуваат значаен дел од културното наследство на Република Северна Македонија, а установата реализира научноистражувачки, едукативни и изложбени проекти од национален интерес со цел зачувување на македонскиот идентитет.

Дополнително, музејот располага со стручни кадри и инфраструктурни капацитети кои овозможуваат понатамошен развој на музејската дејност на национално ниво.

Промената на статусот би овозможила:

- поефикасна заштита и валоризација на културното наследство;
- обезбедување стабилно и одржливо финансирање од државниот буџет;
- подобрување на условите за чување, конзервација и презентација на музејските збирки;
- развој на научноистражувачката дејност;
- поголема вклученост во национални и меѓународни проекти;
- унапредување на културниот развој на Велес и поширокиот регион.

Имајќи ги предвид наведените аргументи, се предлага надлежните органи да поведат постапка за изработка на соодветна анализа за оправданоста на промената на

статусот на Локалната установа „Народен музеј“ Велес и да преземат активности за нејзино трансформирање во национална установа.

Се предлага Советот на Општина Велес да ја разгледа и прифати оваа иницијатива и да иницира постапка за промена на статусот на Локалната установа „Народен музеј“ Велес во национална установа согласно важечките законски прописи.

Составен дел на оваа иницијатива е портфолио на ЛУ„Народен музеј“ Велес.

Подносители:

Советничка група на ВМРО-ДПМНЕ
и Коалицијата Твоја Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 09-2676/2
08.06 2026 год.
ВЕЛЕС

До:
Градоначалник на Општина Велес
Марко Колев

**Предмет:** Иницијатива за поведување постапка за промена на статусот на Локалната установа „Народен музеј“ Велес од јавна локална установа во национална установа

Почитуван,

На ден 08.06.2026 година до Претседател на Совет на Општина Велес од страна на Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата Твоја Македонија, доставена е Иницијатива за поведување постапка за промена на статусот на Локалната установа „Народен музеј“ Велес од јавна локална установа во национална установа, заведена под арх. бр.09-2676/1 од 08.06.2026 година.

Согласно член 147 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/26), истата ја доставувам до Вас заради давање на мислење.

Во прилог: Иницијатива за поведување постапка за промена на статусот на Локалната установа „Народен музеј“ Велес од јавна локална установа во национална установа, заведена под арх. бр.09-2676/1 од 08.06.2026 година.

Со почит,

Претседател на
Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Имајќи ги предвид сите овие факти, Општина Велес дава безрезервна поддршка на оваа иницијатива и во најкраток можен рок ќе ги преземе сите потребни административни и законски чекори. Оваа иницијатива, заедно со приложеното портфолио на установата, ќе биде доставена до Советот на Општина Велес за понатамошно усвојување, по што официјално ќе биде процесирана до Министерството за култура за конечна реализација на трансформацијата.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил: Милена Ристеска
Одобрил: Александра Иванова



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08- 2676/3
08 .06.2026 година
Велес
.

До
Претседател на Советот на
Општина Велес

Врз основа на член 147 став 3 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.02/26), го поднесувам следното:

**МИСЛЕЊЕ ПО ПОДНЕСЕНА ИНИЦИЈАТИВА**

После внимателно разгледување на доставената иницијатива од страна на Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата Твоја Македонија, заведена со архивски бр.09-2676/2 од 08.06.2026, која се однесува на поведување постапка за промена на статусот на Локалната установа ,,Народен музеј" Велес од јавна локална установа во национална установа, во целост ја прифаќаме предметната иницијатива.

Аргументите кои се наведени во самата иницијатива се целосно оправдани и во потполност соодветствуваат со реалното значење, капацитетот и долгогодишното реноме на оваа културна институција. Локалната установа „Народен музеј" Велес, со своите исклучително богати музејски, археолошки, историски, етнолошки и уметнички збирки, одамна ги има надминато локалните рамки.

Трансформацијата на музејот од локална во национална установа ќе отвори нови, далеку поголеми можности за негов развој. Пред се, со овој чекор ќе се обезбеди стабилно, долгорочно и одржливо финансирање директно од државниот буџет преку Министерството за култура. Тоа директно ќе придонесе за поквалитетна и поефикасна заштита, конзервација и соодветна презентација на непроценливото културно богатство. Исто така, со преминот на национално ниво, институцијата ќе добие многу поголем простор за унапредување на научноистражувачката дејност, како и за активна вклученост во крупни капитални, национални и меѓународни проекти, што дополнително ќе го поттикне културниот развој на Велес и поширокиот регион.

ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 03-65/1
06.05 2026 год.
ВЕЛЕС

# ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС

## ИСТОРИЈАТ-ДЕЈНОСТ-ЗБИРКИ

## (1946-2026)

**Дејност:**

ЛУ Народен музеј Велес (во понатамошниот текст: Музеј) претставува културно-просветна и научна установа чија примарна цел е музејската дејност односно заштита, проучување и промоција на културното наследство. Основната дејност на Музејот е систематско истражување, собирање, откупување, средување, стручна и научна обработка и проучување, конзервирање на движниот музејски материјал, чување, објавување и презентација на музејскиот материјал и предмети од значење за археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, ликовната уметност и средновековната уметност.

Во рамките на својот делокруг на работа Музејот ги врши и следните активности: организира и поставува изложби, креира и поставува спомен-соби и меморијални музеи, издава стручни и научни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал; во соработка со сродни установи и асоцијации Музејот организира стручни и научни собири, дава предлози за унапредување на музејската дејност и за стручно и научно усовршување на музејскиот кадар и друго.

**Согласно горенаведеното може да се заклучи дека Музејот преку заштитата и промоцијата на културното наследство придонесува за унапредување на стручната и научно-истражувачка работа и развој на образованието, културата и науката и претставува еден од столбовите за зачувување на македонскиот идентитет.**

**Територијален делокруг:**

Дејноста на Музејот територијално ги опфаќа општините Велес, Чашка и Градско и согласно податоците во својот делокруг опфаќа површина од околу 1483,09 $km^2$. **Согласно горенаведеното може да се заклучи дека под територијална јурисдикција на Музејот е опфатен најголемиот дел од централна Македонија.**

Во овој контекст, значајно е да се напомене дека територијата која ја проучува Музејот е една од најзначајните територии во културниот и историскиот развој на човештвото затоа што на просторот на Балканскиот полуосторов, Вардарско-Моравската долина е патеката низ која поминувале, се формирале и се појавувале најзначајните историско-политички настани и културни еволуции од праисторијата па сè до денес. **Според ова, Музејот во своите простории чува**

**предмети кои сведочат за културниот и историски развој и подем на Балканската регија и пошироко од праисторијата па сè до 21-тиот век.**

**Историјат:**

Почетоците на Музејот датираат од 1946 година кога во рамките на Велешката гимназија е основана музејска збирка која содржела историски, археолошки и етнолошки предмети од Велес и околината. Иницијатор и реализатор на овој проект бил професорот Ѓорѓи Милошев кој на 23.03.1946 година ја формира гимназиската збирка, а на 26.05.1946 година се отвора и првата музејска изложба во рамки на гимназијата. Меѓу позначајните музејски експонати биле книгата „Огледало" од Кирил Пејчиновиќ од 1816, „Еврејското учение" од 1838 година, оригиналните ракописи на Ј.Х.К. Цинот, дел од богата оставнина на Коста Солев Рацин, археолошки предмети од локалитетот Стоби и друго. Професорот Ѓорѓи Милошев подоцна ќе биде избран за трет архиепископ на возобновената Македонска православна црква, именуван како г-дин г-дин Гаврил и неговата ерудуција и просветителски дух несомнено започнуваат со оваа активност.

**Формирањето на гимназиската збирка и изложувањето на дел од предметите бил историски момент и за градот Велес и за Македонија затоа што ова се почетоците на музејската дејност во нашата земја во повоениот период.**

**Ако за велешката гимназија се говори дека е прв интелектуален вруток, прва суштествена промисла и првиот чекор кон организирано образование во државата тогаш гимназиската музејска збирка, никулецот на велешкиот музеј, е првиот повоен бедем на македонскиот идентитет и на вековната борба за самобитност.**

Имајќи ги во предвид сите формативни релации на креирањето, музејската збирка во својата срж ја носи нишката на **национална историчност** која што во себе ги сплотува историската личност (преку делото на г.г. Гаврил) – историското здание (најстара македонска гимназија) – историско-културниот идентитет (музејските предмети).

Неколку години подоцна односно во 1951 година е основан Народниот музеј во Велес од страна на Градскиот народен одбор - Совет за просвета и култура односно ова раководно тело согласно упатствата од страна на Советот за просвета, наука и култура на Народна Република Македонија, „донесе решение за отворање на градски народен музеј од комплексен карактер, односно да работи на собирање, подредување и излагање на материјали од историско-етнолошко-археолошки карактер (во оригинал: donese rešenije za otvaranje na gradski naroden muzej od

kompleksen karakter, odnosno da raboti na sobiranje podreduvanje i izlaganje na materijali od istorisko-etnološko-arhiološki harakter)" (Акт бр. 19799 од 13.12.1951 година).

На овој начин, гимназиската збирка добива повисок статус и вредност и преминува во институционализирана музејска збирка. Во овој акт исто така се споменува дека во рамки на Музејот е вклучена и Спомен куќата на Кочо Рацин. Од 1951 година па сè до 1953 години се одвиваат дејностите поврзани со формирањето и работењето на музејот во соодветни простории. Во март 1953 година збирката од околу 3000 музејски предмети е пренесена во Куќата на Пенини која се наоѓала во централното градско подрачје. Во оваа куќа е пренесена и збирката на камени споменици – лапидариум која започнала да се формира во периодот на 50-тите и 60-тите години на XX век. Имено, првите македонски епиграфичари и археолози, со својот неуморен ентузијазам и амбициозност, вршеле интензивна проспекција на теренот на Повардариeто па најголемиот дел од спомениците тие ги депонирале во велешкиот музеј.

Со значително збогатување на музејскиот фонд се појавила и потребата од поголем објект и во 1967 година Музејот започнал да функционира во Зградата на околискиот одбор, изградена во 1926 година. Музејот до ден денес е сместен во истиот објект кој и самиот претставува споменик на културата. **Во овој период музејот имал статус на околиски музеј под чија ингеренција влегувала територијата на Повардарието односно Велешкиот, Тиквешкиот, Демиркапискиот и Гевгелиско-дојранскиот регион. Музејот во овој период под своја надлежност освен музејската зграда управува и со Спомен куќата на Кочо Рацин, Спомен куќата на Васил Главинов и археолошкиот локалитет Стоби.**

Значајно е да се истакне дека во текот на 70-тите и 80-тите години на XX век Музејот бил еден од носителите на меѓународниот археолошки југословенско-американски проект насочен кон истражувањето и конзервацијата на архелошкиот локалитет Стоби. Истражувањата во Стоби биле презентирани низ целиот научен свет и на тој начин музејот стекнува **интернационална промоција и го добива своето место на светската мапа на значајни музејски институции.**

Во овие години се проширува и дејноста на Музејот па така во 1979 година под јурисдикција на Музејот се приклучува и Спомен костурница на паднатите борци од Велес и Велешко во НОБ, а од 1984 година и Меморијалниот музејски комплекс во с. Горно Врановци.

Согласно правните акти односно врз основа на Одлуката за превземање на основачките права на Народната библиотека „Гоце Делчев" и Народниот музеј Велес со дел. број 0701-484/3 од 09.03.2004, денес Музејот е локална установа чиј основач е Локалната самоуправа на Општина Велес и е правен следбеник на Народен музеј Велес основан од Собранието на Општина Титов Велес под број 05-

13173/2, запишан во регистарскиот суд во Скопје со Решение УС 174/73. Овој статус Музејот го добива согласно Одлуката за утврдување на мрежата на установи од областа на културата (Службен весник на РМ 84/03), а во врска со член 95 од Законот за култура.

**Nota bene:** Со добивање на статусот на локална установа Музејот секоја година до Советот на Општина Велес доставува Годишна програма за работа за престојната година и Годишен наративен и финансиски извештај за работа за изминатата година. Во Годишниот извештај се наведени сите активности и реализирани проекти од страна на стручните лица, а кои се однесуваат на заштитата и презентацијата на културното наследство кое е во сопственост на оваа институција. Во овој Извештај се вклучени и наративните и финансиски извештаи поврзани со проектите кои се реализирани од страна на ЛУ Народен музеј – Велес, а со финансиска поддршка на Министерството за култура. Извештаите се разгледуваат од соодветните комисии и се презентираат и дискутираат на пленарните седници и се гласа за нивно усвојување.

## Организациона структура и надворешни единици

Според својата организациска структура Музејот се состои од четири сектори од кои од аспект на основната дејност на установата значајни се следниве:

- Стручен сектор кој го сочинуваат 4 стручни одделенија: Одделение за археологија; Одделение за историја; Одделение за етнологија; и Одделение за историја на уметноста;

- Стручно-технички сектор кој го сочинуваат одделение за конзервација и реставрација и одделение за едукација и маркетинг; и

- Сектор Индок центар кое се состои од Одделение за обработка, чување и користење на документација за движно културно наследство.

Покрај овие одделенија под јурсидикција на Народниот музеј се и следниве надворешни единици:

- Спомен куќа на Коста Солев – Рацин;
- Спомен куќа на Васил Главинов;
- Спомен костурница на паднатите борци од Велес и Велешко во НОБ; и
- Меморијалниот музејски комплекс во с. Горно Врановци кој ги вклучува (Спомен куќата на Президиумот на АСНОМ, Спомен куќа на главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Партизанската печатница „Гоце Делчев“).

Музејот исто така управува и со следниве објекти:

- Спомен куќата на Касапови;

- Спомен куќата на Ј.Х.К. Цинот;

- Ликовниот салон на град Велес;

- Спомен собата на Коле Неделковски сместена во просториите на основното училиште во с. Војница; и

- Спомен куќата на Петар поп Арсов во село Богомила.

**Според горенаведеното може да се заклучи дека Музејот својата дејност ја обавува не само во рамките на музејската зграда и не само што се грижи за движното културно наследство туку под негова јурисдикција се наоѓаат уште 4 музејски комплекси – надворешни единици кои вклучуваат вкупно 6 објекти и уште 5 објекти за кои е одговорен и со коишто управува (Спомен куќи, Ликовен салон и Спомен соби). Согласно ова под ингеренција на Музејот како директен сопственик или како институција задолжена за управување спаѓаат вкупно 12 објекти односно музејска зграда и 11 надворешни единици.**

**<u>Осврт кон музејските збирки и објекти значајни за националниот културен и историски македонски идентитет</u>**

Музејот во Велес како една од најзначајните музејски установи на територијата на Македонија од аспект на музејското богатство може да се гледа низ две призми:

- Богатството на движно културно наследство кое се однесува на музејскиот материјал и музејските предмети; и

- Културно-историското значењето на објектите кои се под негово владение.

Што се однесува до музејските збирки односно движниот музејски материјал значајно е да се напомене дека Музејот поседува 12 збирки на движен музејски материјал од сите одделенија од стручниот сектор поделени согласно нивната хронолошка и тематска припадност:

-Археологија (Збирка на праисторики предмети, збирка на предмети од бронзено - железнодобен период, збирка на предмети од античкиот период, збирка на предмети од средновековниот период, нумизматичка збирка и збирка на камени споменици - лапидариум)

- Историја (Збирка на оружје и збирка на историски документи)

- Етнологија (збирка на покуќнински предмети, збирка на накит, збирка на текстилни предмети)

- Збирка на уметнички дела.

Генерално говорејќи Музејот поседува околу 40 000 примероци на музејски предмети и музејски материјал и значајно е да се напомене дека сите овие збирки

се настанати уште со самото основање на установата, а **имајќи ги во предвид фактите дека Музејот долго време опстојувал како околиски музеј речиси во сите збирки има предмети од целото Повардарие и токму заради овој факт музејските збирки впрочем претставуваат археолошко-етнолошко-историска карта на Повардариeто.**

Во таа смисла, од аспект на најзначајните музејски предмети особено внимание привлекуваат праисториската глинена флејта – окарина која е пронајдена на локалитетот Мрамор кај населба Чашка и припаѓа на неолитскиот период. Таа е еден од најстарите музички инструменти во светски рамки и нејзината популарност е промовирана и од страна на Драган Даутовски кој ја имаше таа привилегија да компонира и неколку музички нумери на неа. Исто така значајно е да се напомене и богатството на нумизматичката збирка која содржи монети од V век п.н.е. па се до крајот на XIV-XV век н.е. Од оваа збирка би ги извдоиле: примероците на монети од периодот на Филип II и Александар Македонски, остава на среберени монети (тетрадрахми и драхми) од месноста Фурка која според хронолошката припадност може да се подели на две групи: монети ковани кон крајот на V и почетокот на IV век п.н.е. и втора група на монети ковани од Александар III, Лисимах, Селеук I и Деметриј I; потоа остава од село Грковец од доцноантичкиот период и оставата на 798 средновековни монети од локалитетот Кале Велес. Во рамки на најстарите примероци од археолошкото минато на Велес исто така би ги издвоиле и златниот накит од локалитетот Кале Згрополци кој хронолошки припаѓа на доцнохеленистичкиот период II-I век п.н.е. од кои особено се истакнуваат златниот епистомион (покривка за уста која се ставала како горбен прилог на богатите и значајни граѓани), златната дијадема со флорални мотиви и златната обетка со претстава на јарец која засега претставува единствен примерок со овој мотив на територијата на нашата земја.

Во рамки на историската збирка би ги спомenале целокупната збирка на оружје која го опфаќа перидот од крајот на XIX до средината на XX век. Ова одделение исто така поседува и голема фототека која се однесува на неколку аспекти од развојот на Велес и Велешко и тоа фотографии на значајни личности, фототека од Рацинови средби, фотографии од стар Велес и Велешко и повоената обнова на Велес кои сведочат за повоениот стопански и пред сѐ индустриски развој на Велес. Значајно е да се напомене дека Музејот поседува и предмети кои биле лична сопственост на Коста Солев Рацин како на пример, ножички, чевли, картички, керамички сад изработен од Рацин и друго, а кои денес се изложени во неговата Спомен куќа.

И на крај би издвоиле и неколку дела од збирката на уметнички предмети, а која иако малобројна содржи дело од Ѓорѓи Зографски првиот македонски ликовен уметник кој ги поставува темелите на македонската ликовна уметност надвор од рамките на сакралната уметност, потоа дела од најзначајните македонски уметници како на пример Никола Мартиноски, Љубомир Белогаски, Ана Темкова, Миле Корубин, Васко Ташковски, Спасе Куновски како и дела од скулпторите Боро Митриќевски, Драган Поповски Дада, Васил Василев и други.

**Од друга страна историјата на градот Велес низ вековите претставува историја на социјалното, револуционерното, просветното и културно издигнување на македонскиот народ.** Во таа смисла преку својата дејност музејот се труди да го одржи жив спомонот на сите овие дејци и во оваа прилика би се задржале само на значењето на некои од објектите. **Имајќи предвид дека во претходиниот дел од текстот се наведени сите објекти – надворешни единици со кои располага Музејот јасно може да се види дека најголемиот дел од објектите се репрезенти на најзначајните настани и личности во македонската историја.**

Спомен куќата на Кочо Рацин е еден од најпосетените објекти во државата, а нејзините почетоци се поврзуваат и со формирањето на самиот Музеј. Во самиот објект се наоѓа музејска изложба посветена на Кочо Рацин, а исто така и целата куќа е адпатирана, реставрирана и реконструирана во нејзината оригинална форма. Споменот на Кочо Рацин претставува спомен на поетот, револуционер, полемичар, прв книжевен критичар, прозаист, романописец, лектор, коректор, хронолог, новинар, редактор, кој припаѓа на еден вековно поробен и безмислосно раскинат народ кој ја трага вистината и ги искорнува затрупаните и заборавени факти откорнати од наративот на победничкото перо на освојувачот. Неговата збирка Бели мугри, едно од најзначајните дела на македонската литература, претставува спој на минатото и иднината, спој на архаичното и современото и спој на народната песна и современата/тогашната револуционерна мисла и борба. Таа е историски манифест и тестамент на иднината.

Спомен куќата на Васил Главинов, првиот пропагатор на социјалистичките идеи, едукатор, организатор на работничкото движење во Македонија и поборник за балканска федерација, е во владение на Музејот уште од крајот на 60-тите години на минатиот век. Овој објект го чува споменот на еден од првите борци за човекови права.

Спомен костурницата е еден од најзначајните објекти во градот и државата од естетска, архитектонска, уметничка и пред сè историска гледна точка. Објектот е пуштен во употреба на 11 октомври 1979 година и оттогаш е под јурисдикција на Музејот. Таа е вечно почивалиште на стотина велешки борци кои загинале во НОВ и со својата местополжба, на падините на Велес е неизоставна точка за посетителите. Автори на ова грандиозно, архитектонско дело биле Саво Суготин (инженер архитект) од Љубљана и Љубомир Денковиќ (академски вајар) од Нови Сад. **Архитектонски споменикот претставува синкретизам на брут архитектурата и органската форма, и затоа овој споменик се вбројува и во најзначајните архитектонски дела на светската архитектурата на XX век.** Внатрешното ликовно обликување е дело на академскиот сликар и мозаичар Петар Мазев, кој преку композиција од пет делови на мозаици ја претставил историјата на македонскиот народ, започнувајки одперидот на османлиите, па сè до средината на XX век односно ослободувањето и обновата. **Мозаикот е еден од**

**најголемите мозаици во Македонија и на Балканот со површина од околу 220 m² изведен од природен и вештачки камен од венецијанска паста,** а симболите и формите се визуелизираат преку употребата на мноштво од бои.

Меморијалниот музејски комплекс во село Горно Врановци кој е настанат како спомен и сведок на повоена Македонија со својата национална вредност ја креира историјата на нашата земја. Имено, токму на просторот на Горно Врановци и неговата околина се поставуваат темелите на повоена Македонија. **Врз основа на сведоштвата на директните учесници во НОБ во Горно Врановци во 1944 година за првпат на едно место биле стационирани раководствата на Централниот комитет на КПМ, Главниот штаб на НОВ на Македонија и Президиумот на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија.** Престојот на членовите на Президиумот на АСНОМ во село Горно Врановци претставува период кога се донесени многу значајни одлуки кои ќе бидат темели врз кои ќе се гради повоена Македонија. Имено, во периодот од 02.08. до 28-30.12.1944 година Президиумот ќе одржи 15 седници од кои 6 во ова село, а кои се однесуваа на проблемите и предизвиците поврзани со внатрешните работи, просветата, стопанството, обновата и друго. **Покрај политичкото значење, значајно е да се спомене и културно просветителскиот дух. Имено, во ова село излегува и се печати првиот број на весникот Нова Македонија, а од страна на иницијативниот одбор на АФЖ започнуваат интензивни подготовки и за издавањето на првото женско списание „Македонка"** кое подоцна ќе биде издадено во Битола, а континуирано се одвивала и настава за описменување на населението. Во селото исто така биле сместени и воените мисии на Велика Британија и САД, Врз основа на сето, ММК Горно Врановци во себе ги содржи најсветлите страници на првите импулси на повоена Македонија.

## Завршни разгледувања и заклучоци

Врз основа на сето ова може да се извлечат неколку заклучоци:

- Музејот со својата поставеност во целост ја врши својата дејност која се однесува на чување, презентација и унапредување на стручната и научно истражувачка работа и развој на образованието, културата и науката и претставува еден од столбовите за зачувување на македонскиот национален идентитет.

- Територијата која ја опфаќа Музејот денес е централниот дел на Македонија кој од културно-историски аспект претставува главниот двигател на културно-историските текови на Балканот како спојна точки на азиските и европските културни и историски текови, па затоа Музејот во себе содржи предмети кои се неспорни сведоци за високиот културен развој на ова подрачје уште од најстарите импусли на човечката цивлизација.

- Од историски аспект формирањето на Музејот односно гиммазиската збирка во себе носи историска вредност од сите аспекти на нејзиното формирање односно нејзиното формирање е иницирано од историска личност, во просториите на најстарата гимназија во Македонија и една од постарите на Балканот и самата збирка ги поставува темелите на повоената музејска дејност која ја рефлектира културната преродба на Македонија.

- Низ годините дејноста на Музејот била фокусирана низ целото Подрачје на Повардарието и заради тоа голем дел од збирките во себе имаат предмети токму од оваа регија. Под јурисдикција на Музејот бил и археолошкиот локалтет Стоби, а со реализација на американско-југословенскиот проект Музејот го добива и своето високо место на светската мапа на музеи.

- Во однос на организационата поставеност Музејот својата дејност ја обавува не само во рамките на музејската зграда и не само што се грижи за движното културно наследство туку под негова јурисдикција се наоѓаат уште 4 музејски комплекси – надворешни единици кои вклучуваат вкупно 6 објекти и уште 5 објекти со кои управува (Спомен куќи, Ликовен салон и Спомен соби). Согласно ова под ингеренција на Музејот како директен сопственик или како институција задолжена за управување спаѓаат вкупно 12 објекти односно музејска зграда и 11 надворешни единици.

- Музејските збирки и објектите со кои раководи Музејот го потврдуваат неговото национално значење особено од аспект на вредноста на збирките. Музејските предмети од најстарото минато говорат за една високо развиена цивилизација во светски рамки. Од друга страна, зачувувањето на споменот на главните дејци и борци за македонскиот идентитет и самобитност од периодот на првите никулци на нациналната свест па сѐ до периодот на повоена Македонија сугерира дека Музејот го чува, негува и промовира споменот на хероите кои со совјата дејност ги испишуваат најсветлите страници на македонската национална историја.

**ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС**
м-р Ангел Коруновски
/директор/

ЈАВНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

Подготвил: А. Василкова

ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 03-65/2
06.05 2026 год.
ВЕЛЕС

Локална Установа Народен музеј Велес
ул. 8-ми Септември бр. 22 Велес; тел.-факс: ++389 (0)43 23 14 34, (0)75 29 89 57 е-маил: muzejveles@yahoo.com

Локална установа
Народен музеј
Велес

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 06-05-2026
Орг. един.: 09-2263/2 | 2

До

**г-дин Даниел Јаневски**
Претседател на Совет на Општина Велес
Велес

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Портфолио на ЛУ Народен музеј Велес

Почитувани,

Во прилог на овој допис доставуваме Портфолио на ЛУ Народен музеј Велес за периодот 1946-2026 година.

Со почит,

**Локална установа**
**Народен музеј Велес**
м-р Ангел Коруновски
/директор/